


НАГРАДНА ИГРА
Паркирај на ВРЕМЕ
На стр.31 КУПОН број 8

# ВРЕМЕ

Евролинк
Осигурување АД Скопје
тел.:(02) 3231 623, 3289 301

РЕДАКЦИЈА
бул. „Гоце Делчев“ бр. 11/2 , 1000 Скопје
тел. 32 99 888;
факс 32 99 887
Маркетинг 32 99 880
Дистрибуција 25 80 020

Среда, 16 ноември 2005 | Година II, број 546 | www.vreme.com.mk | 15 денари

**Тема**
**Приватизација и во основното образование**
стр. 2

**Македонија**
**Прчевски бега од антикорупциската**
стр. 3

**Децата во Кочани смрзнаа на систематски**
стр. 5

**Прашање на денот**

*Да се приватизира ли основното образование?*

Гласајте на
141-721* - ДА
141-722* - НЕ

Се гласа од сите телефонски мрежи, секој ден до 15 часот

*Цената на еден повик е 10 денари + 18% ДДВ

**Резултати од претходната анкета**

*Ќе добиеме ли нови пасоши за една година?*




ШТО ОТКРИ КОНТРОЛАТА ВО НАЈГОЛЕМИОТ ШПЕДИТЕР

стр. 3

# „Фершпед“ незаконски доприватизиран


Штерјо Наков


Никола Поповски

УНИШТЕНО РЕТКО ЖИВОТНО НА БАЛКАНОТ



стр. 5

# Рисот живее само на петденарката

- Во Македонија, Грција, Албанија, СЦГ и на Косово преживеале само стотина риса

ИЗЛОЖБА НА ТАКИ ПАВЛОВСКИ ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

стр. 21




Фотографија: Маја Јаневска

# „Време“ влезе во уметничко дело

ОТО trade
КОМПЛЕТНА ПРОГРАМА УВОЗ ОД ГЕРМАНИЈА
VOLKSWAGEN AUDI
SKODA SEAT
02/3128-381, 3239-495

# Рисот остана уште само на петденарката

## На Балканот досега не се преземени никакви мерки за заштита на рисот

**Мими Шушлеска**

Жителите на источна Македонија рис не виделе во последниве 80 години. Во западните делови на земјава, пак, живеат од 35 до 40 единки од ова скапоцено животно. Ова го покажуваат истражувања што ги направил професорот Бранислав Грубач пред три години, а кои се актуализираат на меѓународната работилница за заштита на рисот (латинско име: Лsнџ лsнџ), која деновиве се одржува во Маврово. На средбата учествуваат домашни и албански експерти, претставници на државни институции и на невладиниот сектор.

На Балканскиот Полуостров, пак, се смета дека нема повеќе од 100 примероци рис.

- Популацијата на рисот во 1974 година имала околу 120 единки, што се сметало за добра состојба. Тоа е така бидејќи тогаш постоеле многу поригорозни казни за оние што го загрозувале животот на рисот - вели Димче Меловски од Македонското еколошко друштво.

Оттогаш наваму, додава тој, бројот на единките на рисот почнува да опаѓа, но не може со сигурност да се каже за колку. Според податоците што ги собрал професорот на Природноматематичкиот факултет Бранко Мицевски, во 1997 година по текот на реката Радика живееле околу 54 единки. Во 2001 година, професорот на Ветеринарниот факултет Мишо Христовски проценил дека во Македонија има 35 единки.

Во Албанија, состојбата во која се наоѓа балканскиот рис е полоша отколку кај нас, бидејќи таму биле уништени неговите живеалишта. Процената е дека таму живеат околу 20 единки. Колку примероци има на Косово и во Црна Гора и дали во Грција сè уште постои како вид не се знае. Се смета дека од балканскиот рис, кој е малку помал и со повеќе точки по крзното од другите рисови, има вкупно околу 100 примероци.

- Во западна Македонија рисот најчесто се јавува во јужните делови на Шар Планина, Пелистер, Јабланица, Бистра и на Кораб. Одреден број единки има и на Јабланица, Сува Гора, Караорман и на Стогово. Во источна Македонија, пак, ова животно никој не го видел од 1924 година - додава Меловски.



Балканскиот рис се соочува со целосно истребување

Овие податоци, вели тој, најчесто се добиени од анкети меѓу ловци, шумари и сточари, или се премногу стари, па се прифаќаат со резерва. Поради тоа, во наредниот период треба да се преземат активности за да се утврди точната состојба на рисот.

За исчезнувањето на некои животински видови во природата, објаснуваат биолозите, постојат две причини. Едната е поврзана со начинот на живеење на човекот, а другата со загубата на природните живеалишта. Рисот бара недопрена дивина, дабови и букови шуми, кањони, мир и доволно храна.

- Ловците, ако директно не го ловат, тогаш ги убиваат срните, зајаците и дивите кози што се негов плен - додава соговорникот.

На Балканот, вклучувајќи ја и нашата држава, досега не се преземени никакви мерки за заштита на рисот. Со одредби на нашиот Закон за заштита на природата се одредува што значи „строго заштитен вид“ и „заштитен вид“. Но поради тоа што немаме Црвена листа, односно книга, заштитата нема да може да се спроведе во наредните три години.

- Сега сме во претпроектна фаза, односно сè уште се утврдува дали постојат услови за да се работи на проект. Се смета дека балканскиот рис е посебен подвид, а со вкупна популација под 100 единки влегува во групата на критично загрозен. Ако се докаже неговата посебност, ќе го добиеме проектот финансиран од ЕУРОНАТУР. Но, исто така треба да се проценат капацитетите на државните институции, националните паркови и на невладиниот сектор - вели Меловски.

Во оваа претпроектна фаза ќе се подготви кампања за да се издигне јавната свест и ќе се организираат состаноци со жителите на регионите каде што има рис.